**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 19.12.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 6548 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.“*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.“*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

## 6. Констатации од надзорот:

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, кој емитува програма на албански и на турски јазик, на регионално ниво (Д1), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на Дневникот во 20 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 3 часа 29 минути и 42 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Ера | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:28 | 13.77 | % |
| Влада на РМ | 00:05:57 | 55.87 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:47 | 26.13 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:27 | 4.23 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:10:39** | **100** | **%** |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Други субјекти | 00:16:31 | 11.28 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:21:03 | 14.37 | % |
| Граѓански сектор | 00:24:47 | 16.92 | % |
| Беса | 00:10:05 | 6.89 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:27 | 2.36 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:46 | 0.52 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:32 | 2.41 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:28 | 4.42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:52 | 9.47 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:35 | 3.81 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:14 | 2.21 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:23 | 8.46 | % |
| Без субјекти | 00:15:27 | 10.55 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:17 | 0.88 | % |
| Влада на РМ | 00:01:38 | 1.12 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:14 | 3.57 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:17 | 0.19 | % |
| Либерална партија | 00:00:17 | 0.19 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:17 | 0.19 | % |
| Левица | 00:00:17 | 0.19 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:26:27** | **100** | **%** |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:07:00 | 14.73 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:12 | 4.63 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:36 | 7.57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:51 | 14.41 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:49 | 5.93 | % |
| Беса | 00:25:04 | 52.73 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:47:32** | **100** | **%** |

**Вкупно: 03:29:42**

Делот од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 47 минути и 32 секунди (Табела 1). Од овој сегмент од вестите се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ТВ ЕРА емитува програма на подрачјето на три изборни единици – ИЕ1, ИЕ2 и ИЕ3. Во ИЕ1 и ИЕ2 се натпреваруваа сите учесници во изборниот процес, освен ПДП, додека во ИЕ3, кандидатски листи имаа сите освен ПДП, Беса, и Коалиција „Алијанса за Албанците".

Половина од овие 47 минути посветени на кампањите на учесниците во изборниот процес, се одвоени за активностите на Беса – 25 минути и 4 секунди (52,73%). Медиумот известуваше уште за 5 субјекти. Од оние со седум потврдени листи, најмногу време има за ДУИ – 6 минути и 51 секунда (14,41%), потоа за Коалицијата предводена од СДСМ - 3 минути и 36 секунди (7,57%), и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 2 минути и 12 секунди (4,63%). За ДПА со пет листи се одвоени 2 минути и 49 секунди (5,9,%), а за активностите на Коалицијата УНИТЕТИ; ДПА-ДР и НДП која има четири кандидатски листи се одвоени 7 минути (14,73%). Нема информации за Коалицијата за промени и правда, Либерална партија, Коалицијата ВМРО за Македонија и Левица, кои многу кратко се споменати во другите прилози од вестите кои се однесуваат на најава на изборни активности.

За активностите на власта е информирано во прилози со информативни жанрови кои траат 10 минути и 39 секунди (Табела 1) каде што временски најзастапен политички субјект е Владата со 5 минути и 57 секунди (55,87%), потоа органите на државната управа/јавните претпријатија со 2 минути и 47 секунди (26,13%), како и амбасадорите/меѓународните организации/странските политичари со 1 минута и 28 секунди (13,77%). Темите во кои се застапени овие субјекти се однесуваат на: одбележување на празници во кои учествуваат амбасадори и функционери, прес-конференции на министри (министер за животна средина), реакциите на Јавното обвинителство во врска со работата на СЈО, известување за средби на министрите од Владата со амбасадорите, како и известувања за „Денот на дрвото".

Другите теми поврзани со изборите сочинуваат 2 часа 26 минути и 27 секунди од вестите (Табела 1). Од тоа најголем дел, во траење од 24 минути и 47 секунди (16,92%) се однесува на активностите и реакциите на граѓанскиот сектор во врска со изборниот процес. Во овој сегмент од дневно-информативните содржини презентирани се ставовите на граѓанските организации во врска со нерегуларностите во избирачките списоци, организацијата на дебати поврзани со изборите, реакции за начинот на водење на кампањата на одредени политички партии, и тука, најчесто споменувани се граѓанските организации Цивил, МОСТ и Импакт. Во овој дел од дневно-информативните содржини, 21 минута и 3 секунди се посветени на мислењата на експертите/аналитичари, кои во прилозите говорат на теми поврзани со програмите на политичките партии, во врска со новата Влада која би се формирала по изборите, средби на аналитичари со амбасадорите/меѓународните организации/странските политичари, како и нивни реакции на активностите на политичките партии во изборната кампања. Во оваа категорија, времето во прилозите означено како „други

субјекти"- 16 минути и 31 секунда (11,28%) се однесува на времето отстапено на анкетите направени од агенциите за испитување на јавното мислење во врска со кандидатите на изборите. Времето пак означено како „без субјекти" - 15 минути и 27 секунди (10,55%) е времето кое е посветено на анкетите направени со граѓани за нивното мислење во врска со изборниот процес. амбасадорите/меѓународните организации/странските политичари се јавуваат во времетраење од 13 минути и 52 секунди (9,47%), во прилози во кои се известува за средби со министри од Владата на РМ како и со аналитичари од политичката сцена. Од политичките партии, најмногу време е посветено на Демократската унија за интеграции - 12 минути и 23 секунди (8,46%) како и на Беса - 10 минути и 5 секунди (6,89%). Станува збор за прилози кои не можат да се категоризираат како активности од кампања.

Најмногу време за директни обраќања во сите прилози со информативни жанрови, е одвоено за политичката партија Беса – 12 минути и 47 секунди (18,58%); и за експертите/аналитичари - 12 минути и 24 секунди (18,03%).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Ера | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:57 | 7.20 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:18 | 3.34 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:11 | 8.99 | % |
| Други субјекти | 00:07:21 | 10.69 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:24 | 18.03 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:19 | 15.00 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:04:00 | 5.82 | % |
| Влада на РМ | 00:01:56 | 2.81 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:07 | 3.08 | % |
| Беса | 00:12:47 | 18.58 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:35 | 3.76 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:00 | 1.45 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:39 | 0.94 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:13 | 0.31 | % |
| | **Вкупно: 01:08:47** | **100** | % |

Преку аналитички жанр се реализирани 5 минути и 8 секунди од времето во вестите. На 6 декември со почеток во 20 часот и 1 минута и 25 секунди, е емитуван осврт со наслов „Две години политичка криза, виновниците и одговорните".

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во текот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември, емитувани се пет дебатни емисии. На 25 ноември 2016 година, во 16 часот и 30 минути, емитувана е емисијата-дебата „Арена со Мефаил Исмаили" на тема: „Избори 2016". Гости во оваа емисија се: Мерсел Биљали, Тодор Пендаров и Шпетим Нуредини- аналитичари. Оваа емисија е репризирана повеќе пати во различни термини, и тоа: на 26 ноември во 1 часот по полноќ, во 14 часот и 49 минути и во 15 часот и 20 минути; на 27 ноември во 14 часот и 49 минути и во 15 часот и 30 минути.

На 30 ноември 2016 година, во 16 чаост и 35 минути, емитувана е емисијата „Арена со Бењамин А." во врска со програмата на Беса, со гостите: Реџије Џеладини, Ермира Хасани Садрија и Мевлуде Ѓуреци од партијата Беса. Оваа емисија е репризирана на 1 декември во 1 часот и 7 минути.

На 1 декември 2016 година, во 16 часот и 40 минути, емитувана е емисијата „Арена со Ферихане И.А." на тема: „Жената во политиката и за програмата на Алијансата на албанците" со гостите Арта Точи, Рајмонда Махмуди и Бујаре Абази, од Алијансата на албанците. Емисијата е репризирана на 2 декември 2016 година, во 1 часот по полноќ.

На 8 декември 2016 година, во 16 часот и 40 минути, емитувана е емисијата „Арена со Ферихане И.А" на тема: „Заедничката политика на двете земји, Албанија и Македонија. Како ги гледаат Албанците во Македонија?". Гости во оваа емисија се: Фитим Зекти, Ергус Мертири и Агим Бачи - аналитичари. Оваа емисија е репризирана на 9 декември во 00 часот и 55 минути после полноќ.

*Интервјуа*

На 23 ноември 2016 година, во 16 часот и 40 минути, емитувана е емисијата „Арена со Бењамин А.", на тема: „Кампањата на ДР-ДПА" со гостинот Арбен Таравари од ДР-ДПА. Оваа емисија е репризирана на 24 ноември во 1 часот и 20 минути.

На 24 ноември, во 16 часот и 40 минути, емитувана е емисијата „Арена со Ферикан А.", на тема: „Избори 11 декември - кампањата на Беса" со гостинот Африм Гаши, генерален секретар на Беса. Оваа емисија е репризирана на 25 ноември во 1 часот и 15 минути и на 26 ноември во 12 часот и 20 минути.

На 30 ноември, во 22 часот и 25 минути, емитувана е емисијата „Економикс со Абдула Бериша", на тема: „Економската платформа во програмата на Беса" со гостин Али Максути. Оваа емисија е репризирана на 4 декември во 24 часот и 50 минути.

На 2 декември, во 16 часот и 55 минути, емитувана е емисијата „Арена" на тема: „Презентирање на изборната програма на СДСМ, економската програма, избирачките списоци и двојазичноста" со гостинот Оливер Спасовски. Оваа емисија е репризирана на 3 декември во 24 часот и 56 минути.

На 9 декември, во 16 часот и 35 минути, емитувана е емисијата „Арена со Мефаил И." на тема: „Што нуди движењето Беса на овие парламентарни избори". Гостин во оваа емисија е Биљал Касами, претседател на движењето Беса.

*Други информативни програми*

Во периодот од 21 ноември до 9 декември емитувани се пет информативни емисиии во кои се обработени теми поврзани со изборите.

На 21 и 28 ноември и на 5 декември 2016 година, емитувана е информативната емисија „Неделно ретро" со Анила Лимани, која претставува пресек на најзначајните вести/случувања од изминатата недела.

На 7 декември, со почеток во 22 часот и 25 минути, емитувана е емисијата „Економикс" во која се говори за активностите на Стопанската комора на северозападна Македонија.

На 9 декември, во 22 часот и 30 минути, емитувана е документарна емисија на тема: „ Вистината за 9 мај во „Дива Населба"- Куманово 2015 г."

***Сектор за програмски работи***